Уп. бр.08-19

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед со седиште на Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, Обединетото Кралство, В1Ф 8БХ, доставено преку адвокат Методија Велков од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 02.03.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрацијата со која **Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед** со седиште на Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, Обединетото Кралство, В1Ф 8БХ, има намера, преку своето зависно друштво **Комино Медиа Лтд**, со регистрирана адреса на Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, Обединетото Кралство В1Ф 8БХ, да стекне контрола индиректно врз **Друштво за филмска продукција ФХЗХ Цинесите ДОО Скопје** со седиште на Тодор Александров 71/2-2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на стекнување на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 21.01.2022 година, а дополнето на 27.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на **Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед** со седиште на Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, Обединетото Кралство, В1Ф 8БХ, со која **Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед Лондон**, Обединетото Кралство, има намера, преку своето зависно друштво **Комино Медиа Лтд**, со регистрирана

адреса на Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, Обединетото Кралство В1Ф 8БХ, да стекне контрола индиректно врз **Друштво за филмска продукција ФХЗХ Цинесите ДОО Скопје** со седиште на Тодор Александров 71/2-2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед** е студио за дигитални забавни содржини со 30-годишно искуство во обезбедување на филмски визуелни ефекти или креирање и реализација на цели анимирани филмови.

**Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед** ги обезбедува своите активности на креирање визуелни ефекти од своите студија во Лондон, Монтреал и Ванкувер, а со стекнувањата во 2015 година започнува да обезбедува услуги и преку Имаге Енгине (Image Engine) (Ванкувер) и Трихтер (Trixter) (Минхен и Берлин). Во 2013 година, Цинесите Медиа Холдингс Лимитед ги прошири своите услуги во играната анимација.

**Комино Медиа Лтд. (Comino Media Ltd.)**, друштво регистрирано и организирано согласно законите на Обединетото Кралство, со регистрирана адреса на Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, В1Ф 8БХ, Обединетото Кралство е зависно друштво во 100% сопственост на Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед. Комино Медиа Лтд. е активно во обезбедување на постпродукциски активности за филм, видео и телевизиска програма.

Синесаіт Медиа Холдингс Лимитед нема зависни друштва во Северна Македонија.

**Друштво за филмска продукција ФХЗХ Цинесите ДОО Скопје** е новоосновано друштво кое обезбедува активности на филмска продукција, видео филмови и телевизиска програма.

**Друштво за филмска продукција ФХЗХ Цинесите ДОО Скопје** врши постпродукциски услуги за филмска, видео и телевизиска програма во однос на компјутерски произведена графика, анимација и специјални ефекти.

Неговите деловни активности се ориентирани кон странските пазари со поразвиени филмски индустрии отколку кон пазарот во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување,

ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**